## Четврт комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 закажан на 03.12.2024 г.

*Статус на активностите на Ревизорското тело за ревизија на ИПА (РТ) после одржаниот трет секторски комитет за следење, а кој се одржа на* 16.05.2024 *година во Скопје*

Активностите кои ги спроведува Ревизорското тело (РТ) сеуште се согласно три-годишната ревизорска стратегија (РС) 2024-2026, доставена минатата година (на 29.11.2023 година).

РТ е во процес на ажурирање на РС која треба да се достави до крајот на овој месец (најдоцна до 30/11/2024 година). Оваа ажурирана тригодишна РС, се однесува за период 2025-2027, во која ќе биде детално опишана ревизорската активност на РТ за ФГ 2025.

Имајќи предвид дека во мај 2024 година, Ве известивме за активностите кои РТ ги спроведува, тоа што Би сакала да го споделам за овој Комитет кој се одржува во месец ноември 2024 година, за РТ активностите се следниве:

- За ИПАРД 2 програмата 2014-2020 – ревизија на операции за прв и втор квартал за ФГ 2024 е завршена со издавање на Нацрт извештај до субјектите предмет на ревизија. Во месец декември 2024 година се очекува да се изработи Конечен извештај;
- Започната е екс- пост ревизијата за ИПАРД 2 програмата, а се однесува за декларираните трошоци за ФГ 2019;
- За ИПАРД 3 програмата 2021-2027 - трите системски ревизии за системот за управување и контрола по субјекти, се планираат да започнат во месец декември 2024 година и следење на ревизорските препораки од системските ревизии за ИПАРД 2 програмата.

Со РС 2025-2027, РТ ќе треба да ги спроведе следниве ревизорски активности, со цел издавање на годишните ревизорски извештаи и мислења за ИПАРД 2 и ИПАРД 3:

- За ИПАРД 2 програмата 2014-2020 – ревизија на операции за трет и четврт квартал за ФГ 2024, финансиска ревизија и ревизија на годишната декларација за управување издадена од НАО за ФГ 2024;

- За ИПАРД 3 програмата 2021-2027 – ревизија на операции за декларираните трошоци во ФГ 2024 (веќе има декларирани средства од третиот квартал за еден проект и се очекуваат исплати и за четвртиот квартал) и финансиска ревизија и ревизија на годишната декларација за управување издадена од НАО за ФГ 2024.

РТ согласно законот и ИПА регулативата, мора, најдоцна до 15/03/2025 г., да изработи Годишен ревизорски извештај за ИПАРД 3 програмата, како и Годишни ревизорски мислења за ИПАРД 2 и ИПАРД 3.

Во текот на ФГ 2024 имаше интензивна комуникација помеѓу инволвираните страни предмет на ревизијата, при што со писмен допис од ГД Агри на 30/10/2024 г., Р.С. Македонија е известена дека грешките кои беа утврдени од страна на РТ, заклучно до 15/03/2024 година, се под прагот на материјалноста, поради што нема да има казна за враќање на пари. Оттука закажаниот билатерален состанок на 28/11/2024 година, а кој вообичаено секоја година се одржува за да се расчистат сметките, за оваа година се откажа.

Би сакала да им се заблагодарам на вработените во ИПАРД Агенцијата, во НАО/МС, Телото за управување, за нивната посветеност и ангажираност, која во изминатиов период беше од исклучително значење за успехот на имплементацијата на ИПАРД Програмата.

Изработил: м-р Љубица Локвенец, Помошник на Главниот ревизор за ИПА
Сектор за ревизија на програми за рурален развој

Скопје, 14 ноември 2024 година